АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-516/2
07.05.2014 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ НАРЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК
за
# ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕДИНСТВЕНА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОДАТОЦИ ЗА ФИЛМСКАТА ДЕЈНОСТ

Скопје, мај 2014 година

Врз основа на член 40 од Законот за Филмската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/13 и 18/14), и член 13 став 1 точка 8 од Статутот на Агенцијата за филм на Република Македонија, Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Македонија, донесе:

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕДИНСТВЕНА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОДАТОЦИ ЗА ФИЛМСКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата, содржината и начинот на водење на единствена евиденција на податоци за филмската дејност односно евиденција за филмските продуценти, за дистрибутерите на филмови и за кинoприкажувачите во Република Македонија, евиденција на филмови снимени со средства од Буџетот на Република Македонија, евиденција за филмови што се снимени во Република Македонија, евиденција за филмови дистрибуирани во кината во Република Македонија и евиденција за филмови што се прикажани во кината на Република Македонија, како и роковите во кои правните лица кои вршат филмска дејност се должни да ги доставуваат податоците за филмската дејност.

Член 2

(1) Секоја евиденција од член 1, посебно се води во форма на книга со димензии 50 x 30 см на образец бр. 1, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Книгата е укоричена со корица од тврда хартија во темно црвена боја. Книгата ја сочинуваат листови кои се нумерирани и сврзани со конец.

(3) Книгата за евиденција се заверува на внатрешната страна од задната корица.

(4) Сите посебни книги кои се водат за секоја евиденција одделно ја сочинуваат Единствената евиденција на податоци за филмската дејност.

Член 3

(1) Секоја книга се заклучува секоја година со забелешка за редниот број на последниот запис, при што редниот број и годината се пишуваат со бројки и букви.

(2) Ако во календарската година не е извршен упис, во книгата се забележува дека во таа година не е направен упис на податоци и се заверува како во ставот (1).

(3) Првиот упис на податоци за наредната година се прави на првата наредна страница под реден број 1.

Член 4

(1) На предната страна на корицата во левиот агол е отпечатен грбот на Република Македонија, под него централно поставено со црни букви „Република Македонија" и „Агенција за филм на Република Македонија". Во средината на предната страна на корицата на книгата е отпечатен текст: „ЕВИДЕНЦИЈА за (името на евиденцијата)"

(2) Страницата на книгата содржи рубрики, во кои се впишуваат податоци за евиденцијата согласно член 40 став (2), (3), (4), (5) и (6).

(3) Страницата на секоја посебна книга на евиденција е прикажана на Образец бр. 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8.

Член 5

(1) Запишувањето о регистарот се врши со поднесена писмена пријава од страна на правните лица кои согласно член 40 став 2 од Законот за филмската дејност се должни да ги доставуваат до Агенцијата. На ист начин се врши и запишување на настаната промена во евиденцијата.

(2) Пријавата од ставот (1) на овој член се поднесува на Образец бр. 9, 10, 11, 12 и 13.

Член 6

(1) Запишувањето во евиденцијата се врши со темно мастило.

(2) Во случај на погрешно запишување се врши исправка на тој начин што со црвено мастило преку погрешно запишаниот текст се повлекува тенка линија и над неа се внесува точен текст.

(3) Секое запишување во евиденцијата се потпишува од службено лице кое го води единствената евиденција.

(4) Секоја исправка која се врши во хартиена форма на евиденцијата се врши без одложување, и истиот ден се спроведува во електронска форма, а се зачувува и скенирана верзија на хартиената форма.

Член 7

(1) Податоците за филмската дејност за евиденција за филмските продуценти за дистрибутерите на филмови и за киноприкажувачите во Република Македонија, правните лица што вршат филмска дејност се должни да ги доставуваат во рок од 15 дена од денот на регистрирање во Централниот Регистар во Република Македонија.

- Правните лица од став 1 на овој член се должни сите промени направени во Централен Регистар, да ги пријават во рок од 15 дена, од денот на уписот на промената од Централен Регистар

(2) Податоците за филмската дејност за евиденција на филмови снимени со средства од Буџетот на Република Македонија, правните лица што вршат филмска дејност се должни да ги доставуваат на 15-ти јануари тековната година, за филмовите снимени во претходната година.

(3) Податоците за филмската дејност за евиденција за филмови што се снимени во Република Македонија, правните лица што вршат филмска дејност се должни да ги доставуваат во рок од 30дена по завршувањето на снимањето во Република Македонија.

(4) Податоците за филмската дејност за евиденција за филмови кои се дистрибуираат во кината во Република Македонија, правните лица што вршат филмска дејност се должни да доставуватподатоци за конкретниот филм, најмалку седум дена пред неговото прикажување.

(5) Податоците за филмската дејност за евиденција за филмови што се прикажани во кината на Република Македонија, правните лица што вршат филмска дејност се должни да ги доставуваат податоците најдоцна до 5-ти во тековниот месец, за сите филмови прикажани во претходниот месец.

Член 7

Начинот и постапката на измена и дополнување на овој правилник е иста со начинот и постапката за неговото донесување.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување и ќе биде објавен на веб страната на Агенцијата за филм на Република Македонија.

Претседател на управниот одбор

Ивана Николиќ